Врз основа на член 27 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/2020 и 302/2020). Правилникот за начинот и постапката за прием на учениците во јавните ученички домови („Службен весник на Република Македонија“ број 55/10, 49/11, 50/15, 59/16, и 41/17) и Правилникот за начинот на остварување на правото за сместување во ученички дом за учениците во спортска академија бр.20-6066/1 од 22.03.2016 година, Министерството за образование и наука распишува

# **К О Н К У Р С**

## **за изменување и дополнување на Конкурсот за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година**

Во Конкурсот за прием на ученици во јавните ученички домови во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година бр.19-5376/1 од 25.03.2021 г, во делот II. НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ставот два се менува и гласи: „Учениците кои ги исполнуваат условите од конкурсот пополнуваат електронска пријава и ја прикачуваат соодветната документација на http://e-uslugi.mon.gov.mk, а доколку немаат можност електронски да аплицираат, пополнуваат хартиена пријава (евидентен лист) и ја доставуваат потребната документација по конкурсот во Ученичкиот дом.“

Ставот пет се менува и гласи:

„Учениците кои по конкурсот ќе аплицираат во хартиена форма, комплетната документација ја доставуваат од 04.07.2021 година до 15.07.2021 година, во ученичкиот дом во кој се пријавиле за сместување.“